




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**

**18 - 24 август 2026 Билтен бр. 648**

ВОДИЧ ЗА ЗАШТИТА И САМОЗАШТИТА

**Одделение за заштита и спасување при Општина Карпош, подготви практичен водич со важни совети за постапување при пожари, поплави, земјотреси, силни ветрови и невреме, топлотен и студен бран, змии, грмежи и молњи, како и основни насоки за прва помош.**

**Чувајте го водичот при рака и информирајте ги вашите најблиски.**
**Во итни случаи: 112.**

**Бидете подготвени, дејствувајте навреме, спасете животи!**



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА КАМП ЗА АКТИВНА МОБИЛНОСТ

**Во рамки на проектот „RE:ENGAGE – Реактивирање на NEET младите преку активна мобилност“, Вело училиштата и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) објавуваат јавен повик за избор на 20 млади лица за учество на четиридневен камп за активна мобилност.**

**Кампот ќе се одржи од 31 август до 3 септември 2026 година во Охрид, а неговата цел е да им овозможи на младите стекнување практични знаења и вештини поврзани со активната мобилност, безбедното движење и одржливите начини на транспорт.**

**Во текот на кампот, учесниците ќе имаат можност преку различни активности да ја унапредат својата самодоверба, иницијативност и активно учество во заедницата, како и да научат како преку мали локални акции можат да придонесат кон создавање побезбедни, поинклузивни и позелени заедници.**

**Учеството на кампот ќе им овозможи на младите да стекнат практично искуство и нови знаења кои можат да бидат значаен придонес за нивниот понатамошен личен развој, образование и вработливост.**

- **Број на учесници: 20 млади лица**
- **Датум: 31 август – 3 септември 2026 година**
- **Локација: Охрид**

RE:ENGAGE

Reconnecting NEET Youth Through Active Mobility

# ЗАВРШИ ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „НЕРЕШКИ МАЈСТОРИ“

**Градоначалникот Сотир Лукровски и претседателот на Совет, Христо Саракинов, денска присуствуваа на завршниот ден од ликовна колонија ,,Нерешки мајстори”, која се одржуваше во амбиентот на црквата Св.Пантелејмон во Нерези.**

**Во рамки на тридневната колонија, десет реномирани академски сликари создаваа свои уметнички дела инспирирани од духовното, културното и природното богатство на овој значаен локалитет.**
**„Денеска сме сведоци на прекрасни ликовни дела кои произлегоа од талентот, креативноста и вештите раце на уметниците, инспирани од спонтаната атмосфера која ја создава природата и ова величенствено опкружување во црквата Св. Пантелејмон – истакна Лукоровски.**
**Во знак на благодарност и добра соработка, учесниците ги донираа своите дела на Општина Карпош, со што значително ќе се збогати општинската уметничка колекција. По тој повод, градоначалникот Лукровски на сите учесници им врачи благодарници за нивниот придонес и учество на ликовната колонија.**
**На ликовна колонија ,,Нерешки мајстори” учествуваа:**
- **Владимир Лазоски,**
- **Данчо Ордев,**
- **Емилија и Стојче Тоциновски,**
- **Даниела Илиевска,**
- **Соња Поповска Трајковска,**
- **Сара Поповска,**
- **Зоран Бошковски,**
- **Ахмед Кадри,**
- **Христина Стојчевска,**
- **Мики Трендафиловски.**

**Општина Карпош, преку Програмата за култура, во континуитет останува посветена на поддршката и афирмацијата на културата и уметноста кои придонесуваат за збогатување на животот во Карпош.**



# ЗАПОЧНА 17. ИЗДАНИЕ НА „КАРПОШОВОТО КУЛТУРНО ЛЕТО“

**Општина Карпош официјално го започна 17. издание на традиционалната културна манифестација „Карпошово културно лето“, која и оваа година ќе понуди богата и разновидна културна програма за граѓаните. Првиот ден од манифестацијата беше посветен на уметноста и културното творештво. Во рамки на отворањето беше организирана изложба на постери и плакати од театарските претстави на великанот на македонската драматургија, Горан Стефановски. На настанот присуствуваше и неговиот син, а изложбата претставува достојна почит кон авторот чие богато творештво остави траен белег во македонската култура. Во текот на денот започна и патувачката изложба ReArt, поставена во Сити Мол, која преку современи уметнички изрази носи нова креативна енергија и ја доближува уметноста до пошироката јавност.**

**Со овие два значајни културни настани започна овогодишното издание на „Карпошовото културно лето“, кое и во наредниот период ќе понуди низа содржини од областа на културата и уметноста. Општина Карпош продолжува да ја негува и поддржува културата, создавајќи простор за промоција на уметноста и за збогатување на културниот живот на граѓаните.**



# МУЗИЧКИ НАСТАПИ ЈА ОДБЕЛЕЖАА ПРВАТА ВЕЧЕР ОД 17. „КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО“

**Во рамки на првиот ден од 17. издание на традиционалната манифестација „Карпошово културно лето“, синоќа се одржа музичка програма која привлече бројна публика. Публиката имаше можност да ужива во концертот на Делфина, како и во настапите на Александар Тарабунов – Тара и групата Нокаут, кои со своите изведби приредија вечер исполнета со музика, позитивна енергија и одлична атмосфера.**

**Со музичките настапи на овие македонски изведувачи на најубав начин беше заокружен првиот ден од овогодишното „Карпошово културно лето“. Манифестацијата продолжува и во наредните денови со богата и разновидна програма, која ќе понуди бројни културни и уметнички содржини за сите генерации.**



# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СОТИР ЛУКРОВСКИ ДЕНЕС ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПОГЛАВАРОТ НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА, ШАКИР ФЕТАХУ.

**На средбата беше разговарано за предизвиците со кои се соочува општеството, значењето на меѓусебната почит и почитувањето на различностите, како и за важната улога што ја имаат верските заедници во градењето соживот, разбирање и доверба меѓу граѓаните.**

**Соговорниците ја истакнаа важноста на верувањето и духовните вредности за народот, како и потребата од продолжување на меѓусебната соработка во интерес на сите граѓани.**

**Во знак на благодарност и почит за досегашниот ангажман и придонес, на градоначалникот Сотир Лукровски му беше врачена благодарница.**



# ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ДЕЛА И ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ВО КИНОТЕКАТА НА МАКЕДОНИЈА

**Во рамки на вториот ден од Карпошовото културно лето, во Кинотеката на Македонија беше отворена Меѓународната изложба „Ликовни визии на имагинацијата“, во организација на Детскиот ликовен центар.**

**На изложбата се претставени дела од десет домашни академски ликовни уметници, како и од двајца уметници гости од соседна Србија. Изложбата ќе биде поставена во Кинотеката на Македонија до крајот на Карпошовото културно лето, а на 30 август, на завршувањето на манифестацијата, ќе биде претставена и во холот на Општина Карпош.**

**На отворањето на изложбата и културниот настан присуствуваа градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, со што ја дадоа својата поддршка на уметниците, културните работници и развојот на културниот живот во општината.**

**Во рамки на културниот настан беше одржана и промоција на книгата „Емотивниот танц – страст на флуидност низ сценската поетика на Зоја“, од авторката Јоана Медерова-Шишкова.**

**Книгата претставува емотивна приказна за животниот и уметничкиот развој на балерината Зоја, која воедно е и мајка на авторката, низ приказна исполнета со љубов кон танцот, сценската уметност и животот.**

**Со ваквите културни содржини, Карпошовото културно лето продолжува да создава простор за промоција на уметноста, книжевноста и творештвото, нудејќи богата и разновидна програма за сите љубители на културата.**



# ОДБЕЛЕЖАНИ 85 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ПРВИОТ СКОПСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

**Делегација на Општина Карпош, предводена од претседателот на Советот, Христо Саракинов, со положување свежо цвеќе пред споменикот на борците од Првиот скопски партизански одред во населбата Карпош 3, одбележа 85 години од неговото формирање.**
**Пред спомен-обележјето почит оддадоа и претставници на Сојузот на борците на Македонија и Градскиот одбор на Сојузот на борците, здруженија и невладини организации, училишни делегации, претставници на политички партии и други почитувачи на борците за слобода од Народноослободителната борба.**

**Во своето обраќање, претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, изрази благодарност за поканата и истакна дека денес, со положувањето цвеќе, се оддава почит на храбрите борци кои во тешки времиња го избрале патот на отпорот и борбата за слобода, достоинство и правда„Нивната храброст и жртва остануваат траен дел од нашата историја и обврска никогаш да не бидат заборавени. Нека нивниот пример нè потсетува дека слободата и мирот се вредности кои треба да ги чуваме и пренесуваме на идните генерации“, порача Саракинов.**

**Првиот скопски народноослободителен партизански одред, првата партизанска единица на Народноослободителната борба во Македонија, е формиран на 22 август 1941 година, во близина на скопскиот Градски парк. Одредот броел 42 борци од различна национална припадност, а 17 од нив ги загубиле животите во борбата за слобода.Нивната храброст и жртва остануваат траен дел од историското паметење и темелите на македонската државност. По војната, тројца борци од одредот – Раде Јовчевски-Корчагин, Боро Петрушевски и Александар Урдаревски – биле прогласени за народни херои на Југославија.**
**Вечна слава и почит на борците од Првиот скопски партизански одред!**



# МУЗИЧКА ПРОГРАМА ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ НА КАРПОШОВОТО КУЛТУРНО ЛЕТО

**Втората вечер од 17. издание на Карпошовото културно лето, на плоштадот „Делфина“, понуди разновидна музичка програма за сите генерации.**
**Вечерта започна со настапот на најмладите членови на детскиот фестивал „Поточиња“, кои со своите песни внесоа посебна атмосфера и ги забавуваа најмладите посетители.**
**Пред присутната публика настапи и „Пензионерски хор Карпош“, кој со изведба на македонски фолклорни песни придонесе кон негување и промоција на традиционалното музичко творештво.**
**Музичката програма продолжи со настапот на „Тумбао Салса Бенд“, предводен од Петар Реџов, заедно со познатиот македонски музичар Сашо Гигов – Гиш. Тие пред бројната публика изведоа авторски песни и македонски музички евергрини, создавајќи енергична и позитивна атмосфера.**
**На втората вечер од манифестацијата присуствуваа градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и членови на Советот на Општина Карпош, кои заедно со граѓаните уживаа во музичката програма.**

**Во рамки на 17. издание на Карпошовото културно лето, годинава за првпат се реализира програмата „Кино на отворено“, наменета за сите љубители на филмската уметност.**
**Програмата започна со проекција на филмот „Приказна за Силјан“, која се одржа во училишниот двор на ООУ „Петар Поп Арсов“.**
**До 27 август, секоја вечер од 20:00 часот, граѓаните ќе имаат можност секоја вечер да проследат филмски проекции на македонски филмови под отворено небо.**

**Карпошовото културно лето продолжува со богата програма исполнета со музика, уметност, култура и содржини за сите генерации.**



# ОПШТИНА КАРПОШ СО ИНФОРМАЦИЈА ДО ГРАЃАНИТЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО ЗАПАДНОНИЛСКАТА ТРЕСКА

 **Информација до граѓаните – Западнонилска треска**

**Општина Карпош активно ја следи состојбата со Западнонилската треска и, во координација со Град Скопје и надлежните институции, презема превентивни мерки за заштита на граѓаните.**

 **Засилена дезинсекција: реализирано е дополнително авионско прскање против ларви на комарци, а во недела вечер ќе се спроведе и теренско прскање против возрасни комарци.**

 **Апел до граѓаните: не оставајте застоена вода во дворови, тераси, саксии, садови и резервоари, бидејќи тие се потенцијални места за размножување на комарци.**

 **Не допирајте мртви птици со голи раце!**
**Пријавете ги на единствениот број за итни случаи 112 или**
**0800 3 22 22 во Агенција за храна и ветеринарство.**

**Со заедничко и одговорно дејствување, придонесуваме кон поголема заштита на здравјето на сите граѓани.**

**Општина Карпош – навремено, одговорно и во грижа за граѓаните.**

# ТРЕТИОТ ДЕН ОД КАРПОШОВОТО КУЛТУРНО ЛЕТО ЗАПОЧНА СО УРБАНА УМЕТНОСТ

**Третиот ден од Карпошовото културно лето започна во знакот на урбаната уметност и проектот „По таму, сонот...", во чии рамки ликовната уметничка Калина Брајковска започна со изработка на мурал на бараките на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје (ФИНКИ).**

**Со осликувањето на четирите бараки на оваа високообразовна институција, јавниот простор ќе добие ново ликовно и уметничко обележје, збогатувајќи го урбаниот амбиент на Карпош и Скопје.**

**Додека уметницата работеше на муралот, посетителите уживаа во музичката програма и пријатната атмосфера. На настанот присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски.**

**Вечерва, со почеток во 20:00 часот, во училишниот двор на ООУ „Петар Поп Арсов", пред љубителите на филмската уметност беше прикажан долгометражниот анимиран филм „Јон Вардар против Галаксијата".**

**Во опуштена атмосфера под отворено небо, карпошани од сите генерации уживаа во филмската вечер.**

**Карпошовото културно лето продолжува со богата програма, добра забава и содржини за сите генерации!**



# ИНТЕРАКТИВНА ДЕТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИ НА 17. КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО

**Во рамки на програмата на „Карпошово културно лето", на локацијата „Фонтана" во населбата Карпош 3, се реализираше проектот „Нашето Маало – детска интерактивна просторна инсталација", организиран од архитектката Ружица Ивановиќ.**
**Во рамки на интерактивната работилница, најмалите карпошани имаа можност преку игра, цртање и креативно изразување да изработуваат макети и да создаваат сопствени замисли за просторот што ги опкружува. На овој начин, децата го развиваа и поттикнуваа својот креативен потенцијал, истовремено дружејќи се и учејќи преку интересни и едукативни активности. Работилницата помина во позитивна и инспиративна атмосфера, исполнета со детски насмевки, креативност и дружба, потврдувајќи ја важноста на ваквите содржини во поттикнувањето на детската фантазија и творечкиот дух.**



# ДЕТСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА НАЈМЛАДИТЕ И РАП ЗАБАВА СО „ЖАБАТА“ ЗА ТИНЕЈЏЕРИТЕ ВО КАРПОШ

**Неделното карпошово културно лето, започна на плоштадот „Фонтана“, во Карпош 3, каде што во рамки на проектот „Нашето Маало-детска интерактивна просторна инсталација“, организирана од архитектот Ружица Ивановиќ, дечињата заедно со своите родители учествуваа во боење и цртање на претходно изработената макета од архитектката. На тој начин, на детската работилница најмладите карпошани освен што се дружеа помеѓу себе , тие и го развиваа својот креативен и уметнички потенцијал.**

**Во училишниот двор на ООУ „Петар Поп Арсов“, со почеток од 20:00, часот, во една пријатна, релаксирана и маалска атмосфера беше прикажан филмскиот класик од Димитрие Османли – „Мирно лето“, каде што меѓу присутните карпошани беше и претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов. Филмските проекции во рамки на културното лето ќе траат до 27-ми овој месец, каде што љубителите на добриот филм, заедно со своите соседи, роднини и пријатели, во предвидениот термин на истата локација, ќе можат да уживаат во селектираните филмски остварувања од домашната македонска кинематографија.**

**Вечерта кулминираше со рап изведбата на „Стефан Трајковски- Жабата“, кој со своите авторски изведби ја крена публиката на нозе и направи одлична забава пред своите маалски другари, соседи и пријатели. На настапот на „Жабата“, на фонтана во Карпош 3 беше присутен и заедно со жителите на Карпош 3 се забавуваше и дружеше првиот човек на Општината, Сотир Лукровски.**



# НОЌНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА НИЗ КАРПОШ

**Стручните екипи од Центарот за јавно здравје во соработка со Град Скопје и Општина Карпош спроведоа дополнително теренско прскање против комарци и ларви, во насока на ефикасно справување со западно – нилската треска. Ноќеска се изврши темелна дезинсекција на неколку критични точки низ општината, поточно на улица Ловќенска 4 во населбата Козле и на ул. Скупи 8 во Бардовци.**

**Стручните служби досега извршија седум теренски прскања низ главниот град и општина Карпош, а сега се фокусирани кон т.н. „лежишта“ кадешто е забележано поголемо присуство на инсекти. Општина Карпош ќе продолжи со координираните акции за намалување на присуството на комарците, а оттука и за зголемување на безбедноста и здравјето на граѓаните.**



# ИСТЕКУВА РОКОТ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ШТЕТАТА ОД НЕВРЕМЕТО ВО КАРПОШ

**Општина Карпош ги информира граѓаните, дека денеска, понеделник (24.08.2026) истекува рокот за поднесување на Образец за пријавување на материјална штета, од силното невреме што го зафати подрачјето на општина Карпош на 21 јули 2026 година.**

**Граѓаните коишто досега го поднеле гореспоменатиот Образец во утврдениот рок (вклучително и денешниот ден), а треба да доставаат одредена дополна на Образецот, тоа можат да го сторат и по денешниот ден, во просториите на општинската зграда, поточно во Архивата на Општина Карпош.**



# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ВО КАРПОШ

**Градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски изврши посета и увид во состојбата и условите во градинките „Орце Николов“ во Карпош 2 и „Мајски цвет“ во Тафталиџе. Притоа, првиот човек на Општината разговараше со раководствата и вработените, каде беа разгледани просторните услови, инфраструктурата и секојдневното функционирање на објектите, како и предизвиците со кои се соочуваат тие.**

**Целта на денешната средба беше согледување на проблемите директно на терен и, во соработка со вработените да се утврдат потребните чекори за подобрување на условите. Градинките се места каде што децата поминуваат значаен дел од денот и затоа мора да се обезбеди безбедна, чиста, функционална и пријатна средина за секое дете.**

